Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
„ЈОРДАН ХАЏИ КОНСТАНТИНОВ ЏИНОТ“
Бр. 02-607/1
02.09 2019 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 126 став 2 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 15/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 136/14, 10/15, 98/15 ) и член 77 од Статутот на ООУ „Јордан Хаџи Константинов Џинот“ – Велес, Училишниот одбор на седницата одржана на ден 29.08.2019 година ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**За предлагање на Годишен извештај за работа на ООУ „Јордан Хаџи Константинов Џинот“ – Велес за учебна 2018/2019 година**

Член 1

Училишниот одбор го разгледа Годишниот извештај за работа на ООУ „Јордан Хаџи Константинов Џинот“ – Велес за учебната 2018/2019 година и истиот го предлага на Советот на Општина Велес.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на Училишен одбор
Светлана Јаќимовска

# ООУ „Јордан Хаџи Константинов – Џинот“
# Велес

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
ЈОРДАН ХАЏИ КОНСТАНТИНОВ ЏИНОТ
Бр. 01-611/1
02.09 2019 год.
ВЕЛЕС



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за воспитно-образовната работа на училиштето
во учебната 2018/2019 год.

**СОДРЖИНА**


1. Вовед ........................................................................................................................... 2
2. Лична карта на училиштето ........................................................................................... 3
    - Материјално технички услови за работа........................................................................ 5
    - Мапа на училиштето .................................................................................................. 6
    - План и просторни услови за работа на училиштето ..................................................... 7
    - Органограм ............................................................................................................... 8
    - Структура на училиштето ............................................................................................ 9
    - Вработени во училиштето ............................................................................................ 11
    - Преглед на ученици ................................................................................................... 12
    - Одбележување значајни датуми во училиштето.......................................................... 18
3. Мисија и визија ............................................................................................................. 21
4. Веќе научено / стекнати искуства ................................................................................ 22
5. Подрачја на промени, приоритети и цели ..................................................................... 24
6. Акциски планови ........................................................................................................... 25
7. Извештај од план за евалвација на акциските планови ................................................ 26
8. Календар за работа на училиштето .............................................................................. 27
9. Настава ......................................................................................................................... 28
10. Оценување ................................................................................................................... 32
11. Поддршка на учениците ……………………………………………………………………. 35
12. Грижа за здравјето на учениците .................................................................................. 49
13. Училишна клима и култура ........................................................................................... 50
14. Професионален развој на наставниот кадар ................................................................. 53
15. Вклученост на семејството во училиштето .................................................................... 55
16. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето ................................................. 57

## 1. ВОВЕД

Годишниот извештај на ООУ „Јордан Хаџи Константинов – Џинот„ од Велес содржи:

- Извештај за реализација на Годишната програма за работа на училиштето од учебната 2018/2019 година;
- Извештај за постигнатиот успех на учениците и постигнатите резултати на училиштето.

**ООУ „ Јордан Хаџи Константинов – Џинот“ Велес, го изработи Годишниот извештај за воспитно-образовната работа на училиштето врз основа на:**

- Законот на основно образование,
- Статутот на училиштето,
- Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2018-2019 година,
- Развојниот план на училиштето,
- Самоевалуацијата и Извештајот од Самоевалуацијата
- Документи и акти на МОН,
- Извештаите и укажувањата од БРО, ДПИ и Општина Велес,
- Одлуки и извештаи од Советот на родители и Училишниот одбор
- Записници и извештаи за постигнатиот успех, редовност и дисциплина на учениците - врз основа на согледувањата од статистичките извештаи на одделенските раководители и предметните наставници, од одржаните седници на одделенските совети и наставничките совети;
- Записници и извештаи од работата на стручните активи и други органи во училиштето;
- Извештаи за реализацијата на воннаставните активности во училиштето;
- Од извршените увиди во пишаните и Е-дневниците, увиди во педагошката документација и евиденција од прегледите, анализите и извештаите кои континуирано се работеа во контекст на работата на училиштето во учебната 2018/2019 година.

## 2. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО - Општи податоци на училиштето

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | ООУ „Јордан Хаџи Константинов Џинот“ |
| **адреса, општина, место** | Ул. Иво Лола Рибар бр. 2, Велес |
| **телефон** | 043/ 212 538 |
| **фах** | 043/ 233 462 |
| **е-маил** | oudzinot@yahoo.com |
| **основано од** | Народен одбор на општина Титов Велес 7167/1 од 01.07.1963 |
| **Верификација- број на актот** | Бр. 10-1205/3 |
| **Година на верификација** | 03.07.1996 год. |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |
| **Година на изградба** | 1914 прва градба, 1960 доградено |
| **Тип на градба** | Тврда |
| **Површена на објектот** | 4821,40 м2 |
| **Површина на училшниот двор** | 483 м2 |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 1327,40 м2 |
| **Училиштето работи во смена** | една смена |
| **Начин на загревање на училиштето** | нафта |
| **Број на одделенија** | од I до IX одделение |
| **Број на паралелки** | 20 вкупно – 18 во централното училиште |
| **Број на смени** | една |
| **Статус на еко-училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено н.)** | Сребрено ниво |
| **Датум на добиен статус** | Декември 2014 |

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | Подрачно училиште |
| **адреса, општина, место** | Башино Село, Башино Село |
| **Телефон** | О43/ 243 202 |
| **Фах** | / |
| **е-маил** | / |
| **основано од** | Народен одбор на општина Титов Велес 7167/1 од 01.07.1963 |
| **Верификација- број на актот** | Бр. 10-1205/3 |
| **Година на верификација** | 03.07.1996 год. |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |
| **Година на изградба** | 1920 |
| **Тип на градба** | Тврда |
| **Површена на објектот** | 349 |
| **Површина на училшниот двор** | 1800 |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | / |
| **Училиштето работи во смена** | една |
| **Начин на загревање на училиштето** | |
| **Број на одделенија** | 5 |
| **Број на паралелки** | 2 |
| **Број на смени** | една |

- ***Просторни услови за работа на училиштето***

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 1 |
| **Број на подрачни училишта** | 1 |
| **Бруто површина** | 4012,23 м2 |
| **Нето површина** | 4012,23 м2 |
| **Број на спортски терени** | 1 |
| **Број на катови** | П+2 |
| **Број на училници** | 24 |
| **Број на помошни простории** | 1 |
| **Училишна библиотека** | 1 |
| **Начин на загревање на училиштето** | нафта |

- *Материјално технички услови*

| | |
|---|---|
| **Телевизор** | 9 |
| **Касетофон** | 5 |
| **Компјутери** | 164 |
| **Принтер** | 10 |
| **Дигитална камера** | 1 |
| **Пијано** | 1 |
| **Металофони** | 2 |
| **Скенер** | 2 |
| **Озвучување** | 1 |
| **Микрофон - сталак за микрофон** | 3 |
| **ЦД Плеери** | 3 |
| **Музички систем** | 2 |
| **Дигитално пијано** | 1 |
| **ЛЦД Проектор** | 8 |
| **Таблет** | 1 |
| **Слјад прожектор** | 3 |
| **Лап топ компјутер** | 2 |
| **Електронска табла Мимио** | 4 |
| **Миксета (комплетен систем)** | 1 |
| **Блок флејта** | 17 |
| **ДВД Плеер** | 4 |
| **Систем за елктр евиденција на работно време** | 1 |
| **Клима уред** | 3 |
| **Звучници** | 5 |

Се направија соодветни потребни корекции на намештај, на техничките и компјутерските апарати и навремено беа санирани сите потреби во училничкиот и училишниот простор. Набавени се бројни наставни и дидактички средства за потребите на наставата. Беа задоволени сите хигиенски потреби на централното и подрачното училиште.

## Мапа на училиштето



## ПЛАН НА УЧИЛИШТЕТО, ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Училиштето располага со 14 кабинети, 10 училници, просторија за дневен престој, канцеларија за директорот, канцеларија за стручните соработници, канцеларија за наставниците, библиотека со читална, просторија за родители, просторија за училишен одбор, просторија за училишна заедница, просторија за административно - техничкиот персонал и трпезарија за учениците од дневниот престој.




Приземје




Прв кат




Втор кат

## ОРГАНОГРАМ


ООУ „ЈОРДАН ХАЏИ КОНСТАНТИНОВ-ЏИНОТ“
Управување и раководење
Стручни органи
Училиштен одбор
Директор
Наставнички совет
Совет на одделенски и предметни наставници
Одделенски раководители и раководители на паралелки
Стручни активи

## СТРУКТУРА НА УЧИЛИШТЕТО

### ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШТЕН ОДБОР

Светлана Јаќимовска
Даниела Трендафилова
Евдокија Никова
Сузана Варналиева
Цветко Николовски
Катерина Угриновска
Габриела Тодорова
Мица Шопова
Орце Николов

### ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ

Сања Есенчев
Трајче Шопов
Методија Петровски
Цветко Николовски
Кети Арсова
Дијана Миленковска
Снежана Ѓорѓиева
Наташа Милановска
Сузана Варналиева
Деан Андов
Даниела Папазова Бабунова
Анита Хаџибошкова
Катерина Угриновска
Емсиља Мандак
Билјана Јакимовиќ
Билјана Наумова
Мери Кировска
Златко Арсов
Ирена Наумова
Катерина Настасова

### СТРУЧНИ АКТИВИ

Стручен актив на одделенска настава

Стручен актив на општествено јазична група на предмети

Стручен актив на природно математичка група на предмети

Стручен актив на уметничко рекреативна група на предмети

Стручен актив на одделенски раководители од предметна настава

### НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ

29 наставници + 2 стручни соработници

### УЧИЛИШНА ЗАЕДНИЦА

20 ученика

## УЧИЛИШТЕН ОДБОР

Во текот на учебната 2018/2019 се одржаа 10 седници, каде стручно, сериозно и одговорно ги извршуваше тековните задачи и должности во рамките на своите законски ингеренции и со тоа овозможи непречено одвивање на воспитно – образовниот процес на нашето училиште.

## СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ ВО УЧИЛИШТЕТО

**Наставничкиот совет** во текот на оваа учебна година реализираше  2 состаноци во текот на прво полугодие и 3 во второ полугодие.

Оваа учебна година се одржаа 4 **Одделенски совети** на предметните и 4 на одделенските наставници. **Одделенските раководители** и **стручните активи на наставниците** во текот на цела учебна година работеа согласно законските норми и прописи. **Училишната заедница** има вкупно одржани 10 работни средби.

Сите овие сегменти што ја чинат целокупната структура на училиштето во координација на раководниот орган на училиштето – директорот, најодговорно и доследно ги вршеа работните активности за непречено и успешно одвивање на воспитно- образовниот процес и создавање позитивна клима за работа и учење во нашето училиште, што е примарна цел на секое училиште.

Информациите за голем дел од активностите кои ги реализираше училиштето, може да се најдат на WEB страната на училиштето   и www ooujhkdzinot.simplesite.com и блог: www.ooujordandzinot.blogspot.com како и на  социјалната мрежа на училишната фејсбук страна.

## НАСТАВЕН И НЕНАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа и останатите активности од дејноста на училиштето ги реализираа 29 наставника, директор и стручни соработници – педагог  и психолог. Според стручната подготовка на воспитно образовниот процес, станува збор за високо едуциран наставен кадар.

Наставата по соодветните настави предмети ја реализираше наставен кадар со соодветна стручна подготвеност и обученост.

## Вработени во училиштето

| Наставен и ненаставен кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Роми | | Турци | | Други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Број на вработени** | 41 | 8 | 33 | | | | | | | | |
| **Број на наставен кадар** | 29 | 2 | 27 | | | | | | | | |
| **Број на стр. соработници** | 2 | / | 2 | | | | | | | | |
| **Админист. работници** | / | / | / | | | | | | | | |
| **Техничка служба** | 9 | 7 | 2 | | | | | | | | |
| **Директор** | 1 | / | 1 | | | | | | | | |

## Степен на образование на вработени

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| **Доктор на науки** | 1 |

| | |
|---|---|
| **Магистри** | 2 |
| **Висока стручна спрема** | 27 |
| **Виша стручна спрема** | 2 |
| **Средно образование** | 2 |
| **Основно образование** | 7 |

**Старосна структура на вработени**

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| **20-30** | 3 |
| **31-40** | 7 |
| **41-50** | 15 |
| **51-60** | 15 |
| **61 - пензија** | 1 |

**Преглед на ученици**

**Табела бр.1 Бројна состојба и национален состав на учениците во централното училиште**

| *паралелка/од деление* | Бројна состојба | | | Македонци | | | Роми | | | Турци | | | Албанци | | | друго | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *м* | *ж* | *вк* | *м* | *ж* | *вк* | *м* | *ж* | *вк* | *М* | *ж* | *вк* | *м* | *ж* | *вк* | *м* | *ж* | *вк* |
| **Iа** | 12 | 12 | 24 | 8 | 10 | 18 | 4 | 1 | 5 | / | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / |
| **Iб** | 14 | 13 | 27 | 10 | 9 | 19 | 4 | / | 4 | | 3 | 3 | / | / | / | / | 1 | 1 |
| **Вк.** | **26** | **25** | **51** | **18** | **19** | **37** | **8** | **1** | **9** | **/** | **4** | **4** | **/** | **/** | **/** | **/** | **1** | **1** |
| **IIа** | 10 | 14 | 24 | 5 | 7 | 12 | 4 | 7 | 11 | / | / | / | / | / | / | 1 | / | 1 |
| **IIб** | 10 | 12 | 22 | 5 | 7 | 12 | 4 | 4 | 8 | 1 | 1 | 2 | / | / | / | / | / | / |
| **Вк.** | **20** | **26** | **46** | **10** | **14** | **24** | **8** | **11** | **19** | **1** | **1** | **2** | **/** | **/** | **/** | **1** | **/** | **1** |
| **IIIа** | 15 | 12 | 27 | 13 | 10 | 23 | 1 | 2 | 3 | / | / | / | 1 | 0 | 1 | / | / | / |
| **IIIб** | 18 | 11 | 29 | 10 | 5 | 15 | 6 | 4 | 10 | 1 | 1 | 2 | / | / | / | 1 | 1 | 2 |
| **Вк.** | ***33*** | ***23*** | ***56*** | **23** | **15** | **38** | **7** | **6** | **13** | **1** | **1** | **2** | **1** | **0** | **1** | **1** | **1** | **2** |
| **IVа** | 8 | 8 | 16 | 6 | 6 | 12 | 2 | 1 | 3 | / | / | / | 0 | 1 | 1 | / | / | / |
| **IVб** | 7 | 9 | 16 | 4 | 7 | 12 | 3 | 1 | 3 | 0 | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / |
| **Вк.** | ***15*** | ***17*** | ***32*** | **10** | **13** | **23** | **5** | **2** | **7** | **0** | **1** | **1** | **0** | **1** | **1** | **/** | **/** | **/** |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Vа** | 11 | 8 | 19 | 8 | 5 | 13 | 2 | 3 | 5 | 1 | 0 | 1 | / | / | / | / | / | / |
| **Vб** | 12 | 8 | 20 | 7 | 5 | 12 | 4 | 3 | 7 | / | / | / | / | / | / | 1 | / | 1 |
| **Вк.** | ***23*** | ***16*** | ***39*** | **15** | **10** | **25** | **6** | **6** | **12** | **1** | **0** | **1** | **/** | **/** | **/** | **1** | **/** | **1** |
| **Вкупно одд.** | **117** | ***107*** | ***224*** | 76 | 71 | 147 | 34 | 26 | 60 | 3 | 7 | 107 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 5 |
| **VIа** | 12 | 3 | 15 | 8 | 2 | 10 | 2 | 0 | 2 | 2 | 1 | 3 | / | / | / | / | / | / |
| **VIб** | 7 | 3 | 10 | 5 | 2 | 7 | 1 | 1 | 2 | / | / | / | / | / | / | 1 | 0 | 1 |
| **Вк.** | ***19*** | ***6*** | ***25*** | **13** | **4** | **17** | **3** | **1** | **4** | **2** | **1** | **3** | **/** | **/** | **/** | **1** | **0** | **1** |
| **VIIа** | 12 | 8 | 20 | 8 | 6 | 14 | 0 | 1 | 1 | 4 | 1 | 5 | / | / | / | / | / | / |
| **VIIб** | 10 | 8 | 18 | 7 | 6 | 13 | 3 | 1 | 4 | / | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / |
| **Вк.** | ***22*** | ***16*** | ***38*** | **15** | **12** | **27** | **3** | **2** | **5** | **4** | **2** | **6** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** |
| **VIIIа** | 9 | 8 | 17 | 7 | 8 | 15 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | / | / | / | / | / | / |
| **VIIIб** | 13 | 6 | 19 | 12 | 6 | 18 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | / | / | / | / | / | / |
| **Вк.** | ***22*** | ***14*** | ***36*** | **19** | **14** | **33** | **3** | **0** | **3** | **0** | **0** | **0** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** |
| **IXа** | 11 | 6 | 17 | 7 | 6 | 13 | 2 | 0 | 2 | 2 | 0 | 2 | / | / | / | / | / | / |
| **IXб** | 9 | 6 | 15 | 9 | 6 | 15 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Вк.** | ***20*** | ***12*** | ***32*** | **16** | **12** | **28** | **2** | **0** | **2** | **2** | **0** | **2** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** |
| **Вк.предметна** | ***83*** | ***48*** | ***131*** | 63 | 42 | 105 | 11 | 3 | 14 | 8 | 3 | 11 | / | / | / | 1 | / | 1 |
| **Вкупно** | ***200*** | ***155*** | ***355*** | ***139*** | ***113*** | ***252*** | ***45*** | ***29*** | ***74*** | ***11*** | ***10*** | ***21*** | ***1*** | ***1*** | ***2*** | ***4*** | ***2*** | ***6*** |
| ***процентуално (централно училиште)*** | | | | ***71%*** | | | ***20,8%*** | | | ***5,9%*** | | | ***0,6%*** | | | ***1,7%*** | | |

**Табела бр 2: Етничка структура на учениците во подрачното училиште**

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **I** | / | 11 | 7 | 4 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **II** | / | 3 | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **III** | 1 | 2 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **IV** | / | 8 | 3 | 5 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **V** | 1 | 3 | 2 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **I – V** | **2** | **27** | **17** | **10** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** |

**Табела бр.3  Етничка структура на учениците во централното и подрачното училиште**

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | | М | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **I** | 2 | 51 | 18 | 19 | 0 | 0 | 0 | 4 | 8 | 1 | 0 | 1 |
| **II** | 2 | 46 | 10 | 14 | 0 | 0 | 1 | 1 | 8 | 11 | *1* | *0* |
| **III** | 2 | 56 | 23 | 15 | 1 | 0 | 1 | 1 | 7 | 6 | 1 | 1 |
| **IV** | 2 | 32 | 10 | 13 | 0 | 1 | 0 | 1 | 5 | 2 | 0 | 0 |
| **V** | 2 | 39 | 15 | 10 | 0 | 0 | 1 | 0 | 6 | 6 | 1 | 0 |
| **I – V** | **10** | **224** | **76** | **71** | **1** | **1** | **3** | **7** | **34** | **26** | **3** | **2** |
| **VI** | 2 | 25 | 13 | 4 | / | / | 2 | 1 | 3 | 1 | 1 | / |
| **VII** | 2 | 38 | 15 | 12 | / | / | 4 | 2 | 3 | 2 | / | / |
| **VIII** | 2 | 36 | 19 | 14 | / | / | 0 | 0 | 3 | 0 | / | / |
| **IX** | 2 | 32 | 16 | 12 | / | / | 2 | 0 | 2 | 0 | / | / |
| **VI – IX** | **8** | **131** | **63** | **42** | **/** | **/** | **8** | **3** | **11** | **3** | **1** | **/** |
| **I – IX** | **18** | **355** | **139** | **113** | **1** | **1** | **11** | **10** | **45** | **29** | **4** | **2** |
| **Вкупно со подрачно уч.** | **20** | **355+27=382** | **252+27=279** | | **2** | | **21** | | **74** | | **6** | |
| **изразено во проценти** | | | **73.00%** | | **0,5%** | | **5,5%** | | **19,4%** | | **1,6%** | |

**Табела бр.4 Графички приказ на националниот состав и родова структура на учениците (подрачно и централно)**






**Табела бр 3. Бројна состојба и редовност на учениците (генерациски)-централно и подрачно**

| Одделение | Број на ученици | | | Изостаноци | | | По ученик |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | ВК | Оправдани | Не Оправдани | Вкупно | |
| **Прво одделение** | 33 | 29 | 62 | 1195 | / | 1195 | 19,3 |
| **Второ одделение** | 23 | 26 | 49 | 1855 | 15 | 1870 | 37,8 |
| **Трето одделение** | 35 | 23 | 58 | 2317 | 34 | 2351 | 40,5 |
| **Четврто одделение** | 18 | 22 | 40 | 1726 | 2 | 1728 | 43,2 |
| **Петто одделение** | 25 | 17 | 42 | 1348 | 18 | 1366 | 32,5 |
| **Вкупно одд. настава** | **134** | **117** | **251** | **8441** | **69** | **8510** | **33,1** |
| **Шесто оддделение** | 19 | 6 | 25 | 781 | 3 | 784 | 31,4 |
| **Седмо одделение** | 22 | 16 | 38 | 1274 | 80 | 1354 | 35,6 |
| **Осмо одделение** | 22 | 14 | 36 | 1367 | 28 | 1395 | 38,8 |
| **Деветто одделение** | 20 | 12 | 32 | 802 | 51 | 853 | 26,7 |
| **Вкупно пред.настава** | **83** | **48** | **131** | **4224** | **162** | **4386** | **33,5** |
| **ВКУПНО 2018/2019** | **216** | **165** | **382** | **12665** | **231** | **12896** | **33,8** |
| **СПОРЕДБЕНО 2017/2018** | **374** | | | **10712** | **531** | **11243** | **30,7** |

**Табела бр 4. Збирна табела за бројот на изостаноци и поведение според националноста на учениците**

| националност | ИЗОСТАНОЦИ | | | | | ПОВЕДЕНИЕ | | | Неоценети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | оправ дани | неоправ дани | Вкупно | бр.на ученици | по ученик | примерно | добро | незадоволително | |
| македонци | 6047 | 90 | 6237 | 277 | 22,5 | 277 | / | / | 1 |
| роми | 5065 | 65 | 5130 | 76 | 67,5 | 69 | / | / | 7 |
| турци | 1060 | 75 | 1226 | 21 | 58,4 | 15 | / | / | / |
| албанци | 105 | / | 105 | 2 | 52,5 | 2 | / | / | / |
| други | 197 | 1 | 198 | 6 | 33 | 5 | / | / | / |
| Вкупно | **12665** | **231** | **12896** | **382** | **33,8** | **355** | **/** | **/** | **8** |

## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ЗНАЧАЈНИ ДАТУМИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Во оваа учебна година учениците од нашето училиште одбележаа значајни денови со соодветни активности и **земаа активно учество** на различни манифестации.

- Одбележан еко настан под мотото „Светски ден на чистењето" во организација на Општина Велес и Здружението за одржлив развој и заштита на животната средина „Go Green" од Скопје во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање. Одговорен наставник на Еко акцијата беше Љубинка Чанева.
- Одбележан е 22 Септември Светскиот ден без автомобили во рамките на Европската недела на мобилност во организација на Општина Велес. Одговорни наставници Виолета Петрушевска и Снежана Балова.
- Во рамките на проектот на Фудбалската федерација на Македонија - "ФУДБАЛ ВО УЧИЛИШТЕ - фудбал сега, фудбал насекаде", а во соработка со Федерацијата на училишен спорт на Македонија на 27 и 28.9.2018 во спортската сала при ООУ "ЈХК -Џинот" во Велес се реализираа фудбалски натпревари. Коодринатор во училиштето наставник по ФЗО Снежана Балова.
- По повод детската недела имаше свечен прием на првачињата во Детската организација, со пригодна приредба и делење на беџови и пасоши во централното и подрачното училиште. Во рамките на детската недела исто така првачињата во соработка со ПОУ„Маца Овчарова" –Велес ја посетија Сензорната соба и во истата имаа мноштво игровни и забавни активности.
- Отворен ден по повод Месецот на книгата во нашето училиште се реализираа многубројни активности и тоа: училишната библиотека организираше акција за подарување на книги. Во акцијата учествуваа ученици и наставници од нашето училиште кои со своите донации придонесоа за збогатување на библиотечниот фонд.
- На 20 Октомври нашето училиште го одбележа меѓународниот ден на пешачењето преку реализирање на заедничка прошетка организирана како отворен ден на училиштето. Одговорен наставник Јаќимовска Светлана.
- По повод Одбележување Детските Рацинови средби учениците од нашето училиште земаа учество во бројни активности како присуствуваа на поетското читање на наградените творби во Сокачето на поезијата и ја посетија ликовната изложба, учествуваа на поетска работилница „ Поетското перо низ страниците на Росица , Другарче , Развигор и Наш Свет" како и во поетскиоот караван.
- Одбележан е Светскиот ден на штедењето со посета на учениците на банки. Учениците научија која е користа да се штеди и како да се штеди.

- Под мотото “Сакај, почитувај толерирај“ традиционално и оваа година во нашето училиште го одбележавме 16 ти Ноември, Меѓународниот ден на толеранцијата, со цел негување на толеранцијата со дебата како изразно средство.

- На ден 22.11.2018 год. во ресторан “Гардениа“ се одржа традиционалната Републичка манифестација ВЕШТО ДЕТЕ во рамките на манифестацијата ВЕШТА ЖЕНА на која учество земаа и ученици од нашето училиште каде ја покажаа својата креативност во декорирање на благи специјалитети. Одговорни наставници: Емилија Јовановска и Светлана Јаќимовска.

- Отворен ден под мотото „Од детските раце за детските желби“ реализиран преку новогодишен базар со продажен карактер. Одговорен наставник Емилија Јовановска.

- По повод Нова Година и Божиќ во просториите на подрачното училиште во с. Башино село е одржана училишна приредба и истата беше со хуманитарен карактер. Во претставата активно учество земаа сите ученици од прво до петто одделение под менторство на Габриела Намичева.

- Во рамките на Отворениот ден - „Со љубов направено,од срце подарено” се реализира посета на детското одделение во ЈЗУ „Општа болница“- Велес и на сите дечиња, учениците од ООУ „ЈХК-Џинот“ им подарија книги и рачно изработени честитки со убави празнични пораки за љубов и пријателство и им посакаа побрзо оздравување. Со овој хуман гест го разубавија нивниот ден и изнудија искрена детска насмевка на нивните лица.

- По повод одбележувањето на Патрониот празник на нашето училиште предвидени се низа активности како ликовната работилница, се одржаа маалски традиционални игри, географски квиз натпревар , како и се работилница на тема “Ликот и делото на Јордан Хаџи Константинов - Џинот” изработена од учениците членови на училишна заедница. Во училишниот двор во чест на патронот Јордан Хаџи Константинов- Џинот се положи цвеќе пред бистата на патронот од страна на делегација од училиштето и од ученици од училишна заедница. Во рамките на Патрониот празник на ООУ,,Јордан Хаџи Константинов- Џинот“ на 27.2.2019 год. се реализираше промоција на публикацијата која е изработена по повод нашиот јубилеј -55 години постоење и успешна работа. Патрониот празник беше одбележан преку свечена програма во салата “Бели Мугри”.

- Одбележување на Светскиот ден на водата 22 Март-На ден 22.03.2019 год., во просториите на нашето училиште се одржа Отворен ден по повод Светскиот ден на водата 22 Март, со мото „ Водата е човеково право“. Отворениот ден беше организиран од страна на учениците од Училишната заедница на ООУ “Јордан Хаџи Константинов – Џинот“.. Учество земаа сите ученици од I до IX одд., преку различни активности како работилници, изработка на боенка за водата, пораки за значењето на водата, изработка и изложување на хамери и цртежи и презентација на видеа со годинешното мото.

- Учество на завршна манифестација „Вешто дете“,Дојран-На 24-ти март во Дојран се одржа завршната манифестација "Вешто дете" под покровителство на "Вешта жена".

- Априлијада 2019 - ООУ"ЈХК-Џинот",Велес – на 1-ви Април – Ден на шегата, но и ден кога можеше да се види голема креативност на сите маски на нашите ученици од ООУ„ЈХК-Џинот , како учесници на традиционалната Априлијада во организација на Општина Велес. Нашето училиште зема активно учество со маски, песни и игри на манифестација, на која покажавме и докажавме дека сме успешни во изработката на маски и костими и умееме достојно да го претставиме нашето училиште.
- Одбележување на Светскиот ден на Планетата Земја 22 Април преку релизација на Отворен ден под мото: „ТРОЈНО Р - РЕДУЦИРАЈ, РЕЦИКЛИРАЈ, РЕУПОТРЕБУВАЈ" со пригодна програма. Подрачното училиште во с.Башино Село се вклучија со низа еколошки активности под мото: "САКАМЕ ЧИСТА ПЛАНЕТА".
- ООУ„Јордан Хаџи Константинов-Џинот" зема учество и освои Втора меѓународна награда „Еко Пакет Македонија 2019".

## 3.МИСИЈА И ВИЗИЈА

**Мисија:**

**Интегрирано мултикултурно училиште каде проблемите стануваат можност со успешно имплементирани стратегии и континуирани промени.**

**Изјава за мисијата:** Нашето училиште нуди еднакво и квалитетно образовние преку кое кај учениците се поттикнува личниот, емоционалниот, физичкиот и социјалниот развој и истите се охрабруваат за надминување на етички, културни и јазични разлики.

**Мото*:*** Училиште на успешни, квалитетни и среќни ученици, наставници и родители.

**Слогани:**

Со учењето вложуваш во својата иднина!

Учи, образувај се, научи за живот и соживот!

Никој не е посилен од човек кој знае!

Плановите се сништа на разумните луѓе!

**Лого**

**Симбол**

**Визија:** **Сакаме нашето училиште да биде современо, ефективно и квалитетно, кое ќе одговори на предизивците на новото време.**

Тоа ќе го постигнеме преку современа и квалитетна настава во пријатна атмосфера за работа и учење со максимална мотивација на наставниците и учениците.

**Изјава за визијата:** Современо, ефективно и квалитетно училиште.

## 4. ВЕЌЕ НАУЧЕНО / СТЕКНАТИ ИСКУСТВА

Од педагошката работа во оваа учебна година, дојдовме до следните позитивни и негативни искуства:

**Позитивни сознанија и искуства од функционирањето на училиштето:**

Во делот на воспитно – образовната дејност во оваа учебна година посетени се неколку стручни обуки од страна на наставниот кадар и педагошко-психолошката служба.

Посетени се следните обуки: "Семејно насилство", „Јакнење на капацитетите на надлежните институции за обезбедување на ефективна заштита на жртвите на родово засновано насилство и семејно насилство, согласно Истанбулската Конвенција“, „ “Стандарди за инклузивно образование за ученици со телесен хендикеп“ семинар за „Социо-емоционален развој кај децата и раното емоционално врзување“ , „Стратегии за справување со АДХД во училиште“ „Хиперактивни сонувачи“ , обука за „Работа во комбинирани паралелки со одделенски наставници„ , “Диференцирано учење и индивидуализирана настава во инклузивна училница“, “Превенција на врсничко насилство”, “Култура и јазик- има многу повеќе за тоа од Црвени автобуси и чај во пет часот! - Мали луѓе, големи идеи”.

Во текот на оваа учебна година беа реализирани неколку дисеминации од посетени обуки. Првата дисеминација беше реализирана од страна на наставникот Мирослав Велковски на тема „Асистивна технологија и примена на асистивните технологии во воспитно-образовниот процес“. Втората дисеминација беше реализирана од страна на наставниците Љубинка Чанева и Валентина Петрова на тема „Методи, техники и алатки за работа со ученици со посебни образовни потреби“.

Како и секоја учебна година, училиштето активно учествуваше во актуелизираните собирни акции кои беа организирани на локално ниво за подобрување на екологијата и зголемување на еколошката свесност како и еколошки активности на ниво на училиште според сопствена иницијатива. Земавме усчество на конкурс на тема: „Нулта отпад“ за собирање на електронски и електричен отпад организирана од страна на Општина Велес, и на истиот доби втора награда од Општината за реализација на овој проект (добиена е награда музички систем). Во текот на месец Април се реализираше училиштен натпревар „Еко Пакет Македонија 2019“. Секој тим изработи макета на електричен апарат од домаќинството, а материјал за работа - се користеше Тетра пак амбалажа која се собираше во претходните месеци. На конкурсот распишан од страна на Еко пакет на тема: „Електрични апарати во домаќинството“, училиштето освои втора награда со експонатот: вентилатор и доби парична награда и можност за патување и разгледување на фабрики за рециклажа и ботаничка градина во Република Србија. Во месец мај се реализираше собирна акција на пластика во соработка со Пако Мак и ЈКП„Дервен“.

Нашето училиште е поканeто да се вклучи во проектот БАС во соработка со Технолошко техничкиот факултет од Велес, За целите на овој проект добивме контејнери за селектирање на отпад и информативен материјал кој е закачен во училишните холови.

Исто така во училиштето се организираа и повеќе активности од хуманитарен карактер во кои активно учество земаа не само учениците, туку и вработените.

Училиштето константно ги следеше промените во современиот воспитно образовен систем, со цел поуспешно организирани и реализирани воспитно - образовни услови, професионално и стручно менаџирање, добра меѓусебна почит и доверба, ефективна настава со користење на современа технологија, постигнување позитивни ефекти кај учениците, што резултираше со добри резултати и кај наставниот кадар, учествувања и добиени награди од натпревари, добра соработка со родителите, добар број на запишани првачиња, транспрентност на активностите и успесите на училиштето во локалната заедница и пошироко. Промовирана Публикација за 55 години постоење и функционирање на училиштето.

**Негативни страни од функционирањето на училиштето:**

За време на зимските услови при ниски температури учениците од нашето училиште ги реализираа часовите по физичко и здравствено образование во незатоплена спортска сала, без соодветни услови според стандардите и нормите на современата настава по Физичко и здравствено образование.

Во поглед на безбедноста на училиштето, во училишниот двор е обезбеден видео надзор. Во внатрешноста на училиштето нема обезбеденост на камери и видео надзор. До компјутерска контрола над видео надзорот нема достапност нашето училиште (контролен видео надзор има само директорот на ООУ„Благој Кирков“)

Присуството на градскиот пазар во пазарните денови и понатаму создава дополнително оптеретување во однос на нехигиена во долниот училиштен двор. И покрај тоа што безбедноста во училишната зграда е подигната на повисоко ниво, се уште не ги задоволува потребите за комплетна безбедност на учениците и од таа причина и понатаму се работи во насока на подобрување на комплетната безбедност на учениците. Училиштето и понатаму има потреба од дополнително осветлување во училишниот двор, за што повеќе пати има доставено писмено барање до Општина Велес. Исправноста на комјутерскиот систем во училиштето не беше одржуван редовно и навремено поради неприсуство на администраторите одговорни за ИКТ. Компјутерската технологија е застарена и има потреба од обновување со нови комјутери, со цел нормално одвивање на ИКТ во наставата и реализација на планираните програми. Исто така училиштето не беше целосно покриено со интернет и наставниците се соочуваа со проблем за навремено ажурирање на податоците во е-дневник и реализација на ИКТ во наставата. Условите за работа во училниците и понатаму целосно не ги задоволуваат потребите и нормите за современа настава.

## 5. ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

**1. ПОДРАЧЈЕ НА ПРОМЕНА**: Подобрување на квалитетот на воннаставните активности преку поголема вклученост на учениците во изборот и планирањето

**Цел**: реализација на разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на личен развој

**2. ПОДРАЧЈЕ НА ПРОМЕНА**: Поголема промоција на квалитетот и постигањата на училиштето со цел привлекување нови ученици

**Цел**: Привлекување ученици преку промоција на училиштето на сопствена веб страна, училиштен весник и преку локални медиуми

**3. ПОДРАЧЈЕ НА ПРОМЕНА**: Поттикнување на наставниот кадар за учество во интерни обуки, обуки организирани од БРО и МОН и други обуки

**Цел**: Професионално усовршување на наставниот кадар и психолошко-педагошката служба во насока на континуирано осовременување на наставата

**4. ПОДРАЧЈЕ НА ПРОМЕНА**: Воспоставување партнерски врски со други училишта од земјава и странство

**Цел:** воспоставување контакти, соработка и размена на искуства со други училишта

## 6. АКЦИСКИ ПЛАНОВИ

| ПРИОРИТЕТ | ЗАДАЧА | АКТИВНОСТ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТА | ИНСТРУМЕНТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подобрување на квалитетот на воннаставните активности преку поголема вклученост на учениците во изборот и планирањето** | Обезбедување услови за вклучување на учениците во воннаставни активности според потребите и интересите, изработка на план и програма за соработка, следење на реализација на воннаставни активности | Формирање тим за вклучување на учениците во воннаставните активности; Навремено запознавање; работилници, индивидуализиран пристап, тим за следење на потребите, спроведување и анализа на прашалници | IX, X | Мимоза Јовановска Слободанка М. Арсовска Снежана Балова Даниела Тумбова стручни соработници одделенски раководители | анкетни листови и прашалници, анализи од анкети, едукативен материјал, усни изјави и согледувања |
| **Поголема промоција на квалитетот и постигањата на училиштето со цел привлекување нови ученици** | Ажурирање на веб страната, изработка на училишен весник, промоција преку локални и национални медиуми | Одржување на веб страна, подготовка, креирање и дистрибуција на училишен весник, соработка со градинките, организација на конкурси, учество во детски емисии | од IX до VI | Весна Христовска Габриела Шестакова Валентина Петрова Светлана Гацева Марија Андреевска тим од наставници | извештаи од работилници, отворени денови, изработен училишен весник, веб страна |
| **Поттикнување на наставниот кадар за учество во интерни обуки, обуки организирани од БРО и МОН и разни други обуки** | Посета на разни обуки, дисеминации, примена на стекнатите знаења во наставниот процес, согледување на резултатите од примена на стекнатите знаења | Формирање на тим за следење на понудени обуки, пренесување на стекнати знаења од обуки, одржување на нагледни часови и работилници, согледување на придобивките од посетените обуки | од IX до VI | директор стручни соработници Македонка Поптодорова Лорета Стојановска Фиданка Ивановска Валентина Јовева | изготвен преглед на посетени обуки, анкетни прашалници, реализирани нагледни часеви и работилници, записници од работни состаноци |
| **Воспоставување партнерски врски со други училишта од земјава и странство** | Контакти со училишта од земјава и регионот, организирање на интернет комуникација меѓу наставници и ученици, остварување на средба со друго училиште | Формирање тим за истражување и планирање на комуникација, воспоставување контакти со училишта од земјава и регионот, известување на локалнта самоуправа, планирање заеднички активности преку интернет, потпишување меморандум за соработка, едукативни дружења | од IX до XII | директор Љубинка Чанева Славјанка Паунова Куцулова Мирослав Велковски Елена Ќулафкова Нојкова Невенка Кичукова Игор Михајловски | извештаи од средби со училишта, план за истражување |

## 7. ПЛАН ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА АКЦИСКИТЕ ПЛАНОВИ

- **Критериум за успех**

| **VIII** | 36 | 22 | 14 | 36 | / | / | / | / | / | / | / | / | 0 |
| **IX** | 32 | 20 | 12 | 32 | / | / | / | / | / | / | / | / | 0 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I-IX | 382 | 212 | 162 | 374 | / | / | / | / | / | / | 4 | 4 | 8 |

| Вид на педагошка мерка | Укор | Усна опомена | Писмена опомена | Намалено поведение | Преместување во др.паралелка | Преместување во др.училиште |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на ученици | 5 | 2 | / | 1 | / | / |

| Вид на поведение | Примерно | Добро | Незадоволително | Неоценети |
|---|---|---|---|---|
| број на ученици | 374 | / | / | 8 |

***Превентивни програми**:*

Превентивните програми кои се реализираа во нашето училиште имаа за цел проширување на знаењата и свесноста на учениците за одредени актуелни теми како и развивање на животни вештини, со што имавме за цел да се намалат и сведат на минимум неприфатливите облици на однесување. Воедно, превентивните програми допринесоа за развивање на способностите и вештините на учениците за донесување на исправни одлуки и решавање на различни лични проблемски ситуации. Превентивните програми опфаќаа теми од областа на психологијата, здравјето и здравиот начин на живеење, правилната исхрана, заштита од заразни болести и пороци, педагогијата и правилната организација на слободното време со понудени спортски содржини. Значајно внимание беше посветено и на присутноста и видовите на на насилство, како и на начините на неговото спречување, промовирање на ненасилна комуникација и развивање на другарството и социјализацијата. Безбедноста на учениците во училиштето беше важен елемент и беше дел од овие програми кои се реализираа во соработка со надлежните институции. Превентивните програмите се реализираа преку редовната настава (одделенски час-програма за животни вештини, изборна настава) и надвор од неа преку работилници и проектни активности (вон наставни активности).

- ***Безбедност во училиштето***:

Безбедноста на учениците е еден од поважните приоритети во нашето училиште, се со цел да обезбедиме колку што е можно поголема заштита и безбедност на учениците и на вработените. Училиштето има изработено  План за евакуација при елементарни непогоди кој предвидува заштита на учениците и вработените во централното и подрачното училиште. Редовно се одвиваат дежурства на наставниците според однапред предвиден план и распоред за дежурства. Во текот првото полугодие беше изведена практична вежба за заштита и евакуација од пожар на учениците од централното училиште во соработка со противпожарниот тим на Општина Велес, а во текот на второто полугодие беше изведена практична вежба за заштита и евакуација од пожар на учениците од подрачното училиште.

- ***Позитивна социо-емоционална клима***:

Наставниците, педагошко-психолошката служба и сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата и навремено се превземаат соодветни мерки во случај на нивно нарушување. Училиштето реагира до сите надлежни институции во случај на прекршување на детските права и во согласност на потребите тоа и го прави. Училиштето ги поттикнува учениците да ги осознаваат и бранат своите права преку Училишната заедница и организација на различни предавања и трибини и дебати. На одделенските часови и преку состаноците на Детската организација и Училишната заедница како и по предметот Граѓанско образование, учениците се информираат за своите права, но и со обврските кои тие права со себе ги носат. Училиштето настојуваше да има еднаков и правичен третман кон сите ученици. Сите тие без оглед на својата национална припадност, возраст, пол и социјален статус, подеднакво учествуваа во наставните и вонаставните активности во зависност од своите интереси, афинитети, можности и вештини. Вработените во училиштето имаа еднаков третман кон сите ученици. За учениците кои покажуваа негативни промени во поведението и манифестираа асоцијално, антисоцијално и девијантно однесување, емоционални проблеми, отсуство од настава, намалување на успехот, од страна на стручната служба беа реализирани индивидуални разговори и работилници. За реализација на овие работилници и други групни активности со учениците и нивните родители, беа изготвувани акциски планови и програми за работа во зависност од видот на проблеми и потребите на учениците.

## 12. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

Целокупната  работа  застапена во училишна програма за грижа на здравјето имаше една генерална цел: едукација на учениците за здрава исхрана, подигање на свесноста, подигање на училишниот активизам, промоција и вклучување на родителите во активностите поврзани со грижење за здравјето на која се работеше во текот на целото полугодие.

Навремено  извршени се и редовните ситематски прегледи, вакцинации и ревакцинации на учениците согласно календарот за имунизација на децата - во соработка со ЈЗУ Здравствен дом  - Велес , Школска амбуланта УРЕД. Константно и сериозно се обрнува внимание на комплетната хигиена во училиштето, во училничкиот простор, ходниците, училишниот двор.

Во континуитет се врши комплетно и детално чистење на училиштето (централното и подрачното). Извршена е навремена дератизација, дезинфекција, дезинсекција.  Се вршеше дезинфекција на училишите простории, ученичките и наставничките тоалети, влезната врата на училиштето. Се  организираа и акции во кои беа вклучени учениците со цел да се подигне свесноста кај нив за значењето на грижата за себе и околината.

Во рамките на ова подрачје беа планирани и се реализираа активности од следните сегменти:

***Систематски прегледи:***

Со систематски прегледи беа опфатени учениците од I, III, V и VII одделение, а со стоматолошките систематски прегледи беа опфатени учениците од I, II и III одд. При запишувањето на децата во прво одделение родителите доставија потврда за редовни стоматолошки прегледи и примени вакцини за детето како услов за запишување. Сите вработени пред  почетокот на учебната година беа на систематски преглед и бактериолошко испитување на здравствената состојба, како и на санитарен преглед за лицата кои имаат допир со храна за учениците.

***Вакцинирање:***

Со календарот за имунизација и вакцинација  беа опфатени учениците на 6–7 години и на 12–13 години.  Учениците родени 2005 година беа вакцинирани против детска парализа. При запишувањето на децата во прво одделение задолжително доставија  потврда за примени вакцини за детето како услов за запишување. Според календарот за имунизација и вакцинација се реализираа сите предвидени  вакцинацини за учениците.

***Едукација за здрава исхрана:***

Свесноста за важноста од здравата исхрана како важен фактор за здравјето на учениците ја поттикнувавме преку предавања кои ги оганизира училиштето, едукативни работилници и индивидуални совети за учениците. Континуирано се вршеше стручна и соодветна едукација на учениците за здрава исхрана.
Од ова подрачје се реализираа теми и работилници на часот на одделенската заедница од програмата Образование за животни вештини од прво до деветто одделение, но и предавања во соработка со надворешни соработници
Во училиштето се реализираше интерниот проект „Навики за здрава исхрана“ од страна на стручните соработници со цел да се истражи колку учениците се придржуваат на здравите навики на исхрана “.

По повод Светскиот ден за борба против ХИВ/СИДА, а во рамки на Неделата за борба против ХИВ/СИДА Црвениот крст на Република Македонија, Општинска организација Велес и Средното стручно општинско училуште „Димитрија Чуповски“ одржаа едукативна сесија за учениците од деветто одделение на тема „ХИВ/СИДА – заболување и превенција.“ Предавањето го реализираа Суреја Малиќ наставник-лекар заедно со Ана Славевска и Сара Јанева ученици од здравствената насока при Средното стручно училиште „Димитрија Чуповски “
Беше реализирана и едукацијата за учениците од 3 одд на тема„ Со здрави навики до здрави бубрези “ одржана од страна на Здружението на бубрежно болни граѓани “Нефрон.“ Координатор на проектот беше Павлинка Балиска која преку сликовит начин преку презентација ги запозна учен иците со потребата и значењето на водата за нашиот организам и кои здрави навики треба да ги применуваме.

## 13. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

- ***Дисциплина:***

Целосниот училишен систем го сочинува и дисциплината на учениците, односно почитувањето на правила кои владеат во училиштето. За да може успешно да се одвива целиот процес на настава потребно е наставникот со примена на вештини да постави граници на однесувањето на учениците. Управувањето со одделението е процес во кој мора да се поврзани дисциплината, наставата и мотивацијата на ученикот. Дисциплината е процес на применување на стандарди и градење на соработка, со што помалку ќе се создаваат проблеми во наставата, а повеќе ќе се учи. Но дисциплината во училиштето го опфаќа и односот на сите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес (ученици, наставници, персонал, родители) кон воспоставените правила и куќен ред. Во дисциплина е вклучен и односот на сите нив кон материјалните добра и училишниот имот. Во нашето училиште постојат повеќе правни акти како: правила за однесување на учениците, куќен ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, правилник за однесување на наставниот кадар, распоред на дежурства на наставниот кадар во училиштето и училишниот двор итн. Правилниците и кодексите на однесување наменети за учениците, наставниците, родителите и сите вработени во училиштето како воспитно-образовна институција, јасно укажуваат на правата, но и на должностите и обврските на сите претходно наброени субјекти. Тие ја подразбираат дисциплината околу редовноста, точноста, начинот на облекување, начинот на однесување за време на часовите и одморите, заштита на училишниот инвентар, еколошката свесност имногу други правила на однесување поврзани со дисциплината во училиштето.

Во насока на континуирано одржување на соодветна училишна дисциплина, а во функција на унапредување на училишната клима во училиштето, се посветува големо внимание на почитување и придржување на постоечките интерни акти за наставниот кадар, вработените и родителите.

- ***Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето***

Во текот на учебната 2018/2019 година превземени се низа активности за реализација на програмата за „Естетско уредување на училиштето“. Во одделенска настава, како во централното така и во подрачното училиште во Б. Село, во рамките на одделенските заедници, во зависност од темите, годишните времиња и потребите од почетокот на учебната година се врши средување и естетско уредување на училниците и училишниот хол. Со ова учениците имаа по пријатно чувство, по мотивирачка средина и по големо ангажирање и одговорност во воспитно образовниот процес.

- ***Етички кодекси***

Нашето училиште има изработено кодекси на однесување за наставниците и вработените, учениците, родителите, кодекс за однесување во библиотека, за време на реализација на екскурзии. Сите овие кодекси се истакнати на видни места и со нив се запознати сите инволвирани субјекти во ВОР и општо во училиштето. На почетокот на учебната година учениците и родителите се потсетија на правилата на однесување и тие правила генерално се почитуваат. За непочитување на правилата и кодексите во училиштето следат укажувања и соодветни мерки.

- ***Мулти-културализам***

Свесноста за прифаќање на различностите, почитувањето на различните јазици, култури и обичаи на различните етнички групи е секојдневно присутно во нашето училиште преку актуелизирање на меѓуетничката интеграција во наставата. Секој одделенски раководител редовно одржува работилници од сферата на Образование за животни вештини во кои е имплементирана меѓуетничката интеграција. Мулти-културализмот се поддржува на часови во редовна настава – по некои предмети, како и во истражувачки проекти во рамки на предметите. Стручните соработници во училиштето реализираа низа работилници за дискриминација и толеранција со ученици од предметната настава. Мулти-културализмот се поддржуваше и преку учество во различни воннаставни активности, отворени денови во кои е застапена меѓуетничката интеграција на образованието, како и планираните и реализирани активности во склоп на проектот МИО. Го одбележавме 16 Ноември-Ден на толеранција, под мотото „Сакај,почитувај толерирај “ кога преку дебата и активности, ја покажавме нашата почит кон различностите и прифаќање на различните културни ставови и сваќања. Во текот на учебната година училиштето учествуваше на јавен повик за доделување парични средства за организирање на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција и толеранција. Во второто полугодие училиштето го доби грантот од 30.000 ден со кои средства планирано е да се уреди просторот позади училишната зграда, односно да се изгради едно забавно еколошко катче за учениците.

- ***Односи меѓу сите структури:***

Во училиштето во континуитет се прават напори и се создаваат можности за подобрување на соработката и одржување на добрите релации помеѓу сите структури и на сите нивоа. За таа цел, наставничкиот колегиум одржува повремен брифинг пред започнување со настава, со цел размена на искуства, идеи, разрешување на дилемите и тековно настанатите проблемски ситуации. Секојдневно се

разменуваат мислења, ставови и можности за надминување на негативните аспекти во училиштето во различните свери во функционирање на училиштето и разговори околу тековните прашања и искуства. Соработката на наставниците на ниво на стручни активи е константно според планот и програмата на училиштето, и е на високо ниво. Останатите субјекти (ученици, родители) постојано се консултираат преку состаноци, анкети, усни и писмени комуникации. Односот на наставниците кон учениците се базира секогаш на почитување на личноста на ученикот, неговата индивидуалност и можности. Наставниците и сите вработени во училиштето секојдневно настојуваат сите ученици без разлика на вера, пол етничка припадност, потекло и способности да се чувствуваат прифатени, исполнети и среќни во училиштето. Соработката со родителите и со Советот на родители е константно и на високо професионално ниво.

- ***Еколошки активности:***

Во текот на учебната 2018/19 година, се одвиваа и следниве еко активности:

- ❖ Редовно реализирање на планираните часови од годишната програма:„ Интегрирање на екологијата во македонскиот образовен систем“ од страна на наставниот кадар; Во склоп на програмата се одржа традиционалниот Еко самит 2018 на кој беше извршено официјалното доделување на интернационалното признание на еко училиште со статус на „Зелено знаме“. Нашето училиште се здоби со интернационално признание за постигнато сребрено ниво.

- ❖ Училиштето учетво зема на конкурс на тема: „Нулта отпад“ за собирање на електронски и електричен отпад организирана од страна на општина Велес, и на истиот доби втора награда од општината за реализација на овој проект (добиена е награда музички систем).
- ❖ Нашето училиште е поканетo да се вклучи во проектот БАС во соработа со Технолошко техничкиот факултет од Велес. За целите на овој проект добивме контеинери за селектирање на отпад и информативен материјал кој е закачен во училишните холови
- ❖ Собирање на тетра пак амбалажа;
- ❖ Отворен ден по повод Светскиот ден на водата 22 Март, со мото „ Водата е човеково право“.
- ❖ Се реализиараше училиштен натпревар „Еко Пакет Македонија 2019“. На натпреварот учество земаа 11 тима составени од пет ученика. Секој тим изработи макета на електричен апарат од домаќинството, а материјал за работа, користеа Тетра пак амбалажа која се собираше во претходните месеци.
- ❖ По повод 22 Април Меѓународниот ден на планетата Земја се реализираше Отворен ден под мото: „РЕДУЦИРАЈ, РЕЦИКЛИРАЈ, РЕУПОТРЕБУВАЈ!“ Нашето училиште и оваа година традиционално го одбележа овој ден преку пригодна програма во која беа застапени еко содржини.
- ❖ Се реализираше собирна акција на пластика во соработка со Пако мак и ЈКП„Дервен“.
- ❖ Училиштето доби парична награда во висина од 750 евра на конкурсот распишан од страна на Еко пакет на тема: Електрични апарати во домаќинството и ја освои втората награда со експонатот: вентилатор, во меѓународна конкуренција.

## *14.* ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИОТ КАДАР

***Детектирање на потребите и приоритетите:***

Со цел следење на современите трендови во воспитно-образовниот процес наставниот кадар имаше потреба од обуки и надградување во областа од професијата континуирано низ цела учебна година.

Директорот на училиштето има воспоставено соработка со соодветни институции кои до училиштето доставуваат информации за реализирање на стручни обуки, и иститe во континуитет ги проследува до сите наставници.
Училишниот тим за професионален развој ги детектираше потребите на наставниците според покажаниот интерес за соодветни теми, и водејќи сметка за рамномерно учество и соодветност на понудената тема и се одлучуваше кои од наставниците или стручните соработници ке посетат соодветна обука. Сите што посетува некоја од обуките вршеа дисеминација во училиштето.

- ***Активности за професионален развој:***

Во текот на учебната 2018/2019 година реализирани се следниве обуки и семинари за професионален развој на наставниците и стручните соработници:

- " Семејно насилство",
- „Јакнење на капацитетите на надлежните институции за обезбедување на ефективна заштита на жртвите на родово засновано насилство и семејно насилство,согласно Истанбулската Конвенција “,
- “Стандарди за инклузивно образование за ученици со телесен хедикеп“
- „Социо-емоционален развој кај децата и раното емоционално врзување“,
- „Стратегии за справување со АДХД во училиште“
- „Хиперактивни сонувачи“ и
- „Обука за работа во комбинирани паралелки со одделенски наставници„.
- “Диференцирано учење и индивидуализирана настава во инклузивна училница“

- “Превенција на врсничко насилство”
- “Култура и јазик- има многу повеќе за тоа од Црвени автобуси и чај во пет часот! ; Мали луѓе , големи идеи”

- ***Личен професионален развој:***

Професионалниот развој како стручно усовршување е потреба и превземање лична одговорност на воспитно образовниот кадар за сопственото доживотно учење преку различни видови на формално и искуствено учење. Прифаќањето на ефективните форми на професионален личен развој им овозможува на наставниците проширување на стручните знаења, нови сознанија и поголема самодоверба при справување со несигурноста што ја носат константните промени во ВОР.

- ***Хоризонтално учење***:

Во текот на учебната година, наставниот кадар од одделенска и предметна настава на ниво на стручни активи одржуваа конструктивни работни средби на кои се презентираа и дискутираа знаења и искуства од заеднички интерес поврзани со унапредувањето на наставната работа. Во училиштето и оваа учебна година на почетокот беа планирани нагледни часеви и истите беа успешно реализирани. Преку реализацијата на нагледните часови, наставниците планираат, генерираат нови идеи и истите ги презентираат пред своите колеги и на тој начин се подобруваше меѓуколегијалната соработката и се одржуваше училишната педагошка динамика. Дел од наставниот кадар реализираше и дисеминација после посетата на обуките и меѓусебно споделување на здобиените педагошки искуства и знаења.

***-Тимска работа и училишна клима***:

Подигнување на квалитетот на воспитно-образовниот процес е можно само кога во него ќе се вклучат повеќе учесници здружени професионално како тим и со користење на умешноста на секој од учесниците. Меѓусебната соработка и почитување игра важна улога во правилното функционирање на училиштето. Во таа насока училиштето предвидуваше начини и форми за поттикнување на взаемната соработка помеѓу наставниците, стручната служба и директорот. Тимската работа меѓу наставниците имаше взаемна поврзаност и реципроцитет со училишната клима. Тимовите заживуваа и функционираа и нивната работа стануваше се по професионална и по ефективна преку одржување на работни средби и состаноци на ниво на стручни активи и на ниво на определени тимови според потребите на училиштето, на кои се пронаоѓаа ефективни решенија за детектираните проблеми и се разменуваат предлози и искуства, а се со цел за подобра и поефективна настава. Училиштето се повеќе настојуваше да се придвижи кон

зголемено взаемно почитување и доверба, кон конструктивно решавање на тековните проблемски ситуации, преку отворена комуникација, формални и неформални средби, преку кои се подобруваше училишната клима.

## 15. ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

- ***Во животот и работата на училиштето:***

Нашето училиште по традиција е со широко отворени врати за соработка со родителите, а тоа највидливо го изразуваме преку отворените денови организирани еднаш до два пати во текот на еден месец во просториите на училиштето. Родителите секогаш земаат активно учество во сите настани кои ги организира училиштето, како: Новогодишниот базар, месецот на книгата, еколошките и хуманитарни акции кои се организират од училиштето, одбележувањето на светскиот ден без автомобили, одбележувањето на светскиот ден на пешачењето. Советот на родители секогаш дава значајна соработка и поддршка на училиштето со креативни и навремени предлози и инијативи за подобрување на работата на училиштето.

- ***Во процесот на учење:***

Постои котинуирана соработка со родителите кои се навремено информирани за напредокот на нивните деца, за степенот на нивната социјализација и адаптација во учењето и евентуалните настанати проблемски ситуации или не соодветност во доменот на учењето и помнењето. Родителите навремено добиваа детални и точни информации за работата на училиштето како воспитна –образовна установа уште на првиот родителски состанок преку презентација на годишното планирање на училиштето, па се до последната родителска средба, се запознаваа успехот на учениците, со проектите кои се реализираат во училиштето и со добивката од нив.

- ***Во активностите во училиштето:***

Училиштето константно имаше добра соработка со родителите кои многу често и самоиницијативно активно беа вклучени во животот и работата на училиштето. Родителите во животот на училиштето се вклучија со следните активности: Одбележување на „Месецот на книгата“, „Новогодишно декорирање на училиштето”, „Новогодишен базар“, рециклирање на различни видови на материјали, собирни акции за хартија, пластика, тетрапак амбалажа и електронски отпад, одбележување на еколошки денови, учество во разни хуманитарни акции, манифестации и промоции на училиштето.

- ***Во донесување одлуки:***

Родителите преку Советот на родители и преку своите преставници во Училишниот одбор, преку определените комисии и работни тимови, активно беа вклучени во животот, работата на воспитно-образовниот процес на училиштето, во набавките и во донесувањето

на значајни одлуки за нивните деца и општо за училиштето.

- ***Едукација на семејството:***

Според законската регулатива, родителите навремено беа поканувани на советување реализирано од училишниот психолог. Беа советувани и едуцирани родители чии деца имаа намален успех во учењето, нередовно посетување и непочитување на законските одредби и кодексот за однесување во училиштето. Од страна на педагошко психолошката служба беа изготвени следниве стручни теми за родителските средби:

**“Како да му помогнам на своето дете, да ја изгради и развива самодовербата во себе”**
“**Нов пристап во родителството –позитивно родителство**„
**“Вредностите и нивното пренесување на младите”**

Родителите редовно беа информирани преку разни соопштенија на социјалните мрежи, како и преку печатените флаери, изготвени од директорот, наставниците и стручната служба. ВЕБ страна на училиштето редовно се ажурира и е веродостоен и детален начин на информирање.

- ***Изработка на брошура за родители:***

Согласно Законот за основно образование, училишниот тим и за оваа учебна година непосредно пред самиот почеток на учебната година подготви брошура, во која го презентираше воспитно образовниот процес во училиштето, учествувањата, успесите, постигнувањата и афирмираноста на училиштето. Беше изработена и публикација по повод јубилејот 55 години постоење на нашето училиште, а во контекст на тоа беа презентирани податоци важни за училиштето. Публикацијата беше промовирана и дистрибуирана за време на патрониот празник на училиштето.

## 16. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

- ***Локална заедница***

Индивидуалните контакти и соработка со семејствата, родителските средби на ниво на паралелка и училиште, учеството на родителите во сите подрачја на ВОР, соработката со воспитно-образовни институции и организации од областа на културата, стопанството и други организации, ја формираше соработката на училиштето со локалната заедница. Тоа опфаќаше организирање на разновидни општествени, културни активности со локалното население, организирање еко активности на општинско ниво, редовни информации наменети за пошироката јавност за работата и резултатите што ги постигнува училиштето на општинско и пошироко ниво. Реализираните активности од ова подрачје се дадени како програмски прилог кон Годишниот извештај.

- ***Институции од областа на културата***

Градската библиотека, театарот и други културни институции од градот, беа најчестите институции од областа на културата со кои училиштето во оваа учебна година имаше континуирана комуникација. Беа посетени следниве театарски претстави: „Златната рипка“ и „Снешка, Смешка и Тео текнувало го спасуваат Дедо Мраз“,”Црвенкапа” а исто така се организираше и посета на детскиот фестивал „Златно славејче“. Покрај тоа учениците редовно беа учесници на ликовни, литературни и др. конкурси поврзани со креативните капацитети на учениците. Се реализираа посети на културно - историски споменици, музеи во градот и надвор од него, музеј на халуцинации, изложби, ботаничка градина и слично.

- ***Институции од областа на образованието***

Соработката со основните и средните училишта е континуиран процес и најчесто е поврзана преку учествувања во конкурси, посетувања на приредби, патрони празници, учествувања во работилници, реализација на заеднички обуки. До крајот на учебната година се реализираа многубројни отворени нагледни часови, со поканети наставници од општинските училишта, со цел размена на искуства и примена на туѓи позитивни образовни искуства. Соработката со основните и средните училишта се одвиваше во насока на активности кои ги третираат наставните и воннаставните активности, како што се спортските натпревари и натпревари во разни други подрачја, литературни читања, натпревар и изложба на креативни фотографии, размена на искуства помеѓу наставниците и сл. Соработката со градинките на општинско ниво е константна. На високо ниво е и соработката со МОН, БРО, Универзитетите и тн.
Во склоп на приоритетите од Развојниот план училиштето во првото полугодие испрати барање за соработка и размена на искуства до две основни училишта од Валандово и Неготино, и од истите во текот на второто полугодие доби повратен позитивен одговор.

- ***Спортски друштва:***

Учениците од нашето училиште учестуваа во општински натпревар во футсал, ракомет и кошарка за момчиња и во ракомет за девојчиња, како и зонски натпревари во футсал за девојчиња.

Програмата за спортските активности се реализираше во согласност со условите за спортување во нашето училиште.

- ***Невладините организации:***

Училиштето соработува со невладини организации во поглед на реализација на соодветни психолошки и педагошки содржини, а поради постигнување одредени цели и тоа:

за обезбедување помош и поддршка на учениците од ранливи групи е остварена соработка со голем број невладини организации меѓу кои: Црвен крст – Велес, НВО „Романо Нево Дикбе”, “Месечина„ Топол дом добро срце“- Велес и „ Романе Бержа – Куманово“ Здружение на граѓани – Институт за човекови права и  Еколошки друштва,  организација на жени на град Велес.

- ***Здравствени организации:***

Бидејќи грижата за здравјето на учениците е една од најзначајните задачи во воспитно-образовниот процес, нашето училиште на овој план соработуваше со голем број здравствени институции, меѓу кои се:
Здравствен дом „Велес“ - оддел за училишна медицина и училишна стоматологија;
Центар за социјални грижи;
Совет за јавно здравје;
Завод за ментално здравје.
Црвен Крст –Велес.
Преку соработката со овие институции перманентно, превентивно и континуирано се работи на заштита на физичкото, менталното, социјалното и емоционалното здравје на учениците.

- ***Медиуми***:

На секое современо училиште му е потребна афирмација на неговата работа и постигнатите резултати и истото го постигнува во соработка со медиумите. Согледувајќи ја важноста на промоцијата на сопствените активности нашето училиште ги промовираа своите постигнувања како и наградувања во разни области во соработка со дневниот, локалниот печат и медиумските општински куќи. Училиштето според актуелностите, ги актуелизираше сите значајни училишни активности.

Во текот на учебната година, се изработи публикација за 55 годишно постоење на училиштето, брошура, флаери и се надградуваше ВЕБ страната во која е презентирано училиштето и неговите активности. Во континуитет беа истакнувани сите позначајни постигнувања, со кои наставниот кадар, учениците и нивните родители се гордеат.

## ИЗВЕШТАЈ ОД ПРИЛОЗИ

- Извештај од реализација на програма за работа на: директор, педагог, психолог, училиштен одбор, совет на родители, наставнички совет, стручни активи, библиотекар, хор и оркестар, престој.
- Извештај од Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања
- Извештај од Програма за самоевалвација на училиштето
- Извештај од Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди
- Извештај од Програма за реализација на ученички екскурзии
- Извештај од Програма за реализација на ученички натпревари
- Извештај од Програма за додатна настава и дополнителна настава
- Извештај од Програма за општествено хуманитарна работа
- Извештај од Програма за работа на ученичка заедница
- Извештај од Програма за соработка со локална средина и локална заедница
- Извештај од Програма за грижа за здравјето на учениците
- Извештај од Програма за јавна и културна дејност на училиштето
- Извештај од Програма за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем
- Извештај од Распоред на часови
- Извештај од Програма на инклузивен тим за образование
- Извештај од Програма за превенција од насилно однесување во основното училиште
- Извештај од Програма за професионална ориентација на ученици
- Извештај од Следење, вреднување и унапредување на воспитно- образовната работа
- Извештај од Програма за детската организација
- Извештај од програмата за естетско уредување на училиштето
- Извештај од програмата за антикорупција
- Извештај од програмата за дискриминација

## Извештај од Инструментот за подготовка, следење и евалвација на програмите и акционите планови

| Година 2018/2019 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Временска рамка (месец) | | | | | | | | | | | | | | | Следење | | | |
| **Активност** | **9** | **10** | **11** | **12** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | **✓ x** | **Потребен буџет** |
| Изготвување на Годишен извештај и следење на неговата реализација | | | | | | | | | | X | X | | Педагош-психолошка служба наставен кадар Директор | Состаноци, работилници, анкети, консултации, анализа на реализација | Анализи, индивид. извештаи, статист. извештаи, записници,тимски текстуални извештаи по подрачја | 80% успешна реализација од планираните содржини | Директор Педагош-психолошка служба наставен кадар според одговорности | | / |
| Изготвување на Годишна програма и следење на степенот на нејзината реализација | | | | | | | | | | | | X | Директор Педагош-психолошка служба наставен кадар | Состаноци, работилници, анкети, консултации, анализа на степен на реализација | Анализи, индивид. извештаи, статист. извештаи, записници, тимски текстуални извештаи по подрачја | 80% успешна реализација од планираните содржини | Директор Педагош-психолошка служба наставен кадар според одговорности | | / |
| Евалуација на работата на стручните активи | | X | | X | | | X | | X | X | | | Претседатели на стручни активи | Анализи и дискусии по извештаи од стручните активи | Обрасци, индивидуални и тимски извештаи, записници, анализи | Утврдување на активнисти и приоритети за наредната учебна год. | Директор Педагош-психолошка служба наставен кадар според одговорности | | / |
| Следење на реализација на акциските планови од Развојното планирање | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | | | Директор Педагош-психолошка служба координатори на приор | Анализирање на обрасци, раб, средби консултации, анализи на реализација | Пополнети обрасци, индивидуални и тимски извештаи, записници, анализи на извештаи | Утврдени актуелни активнисти и приоритети за наредната учебна год. | Директор Координатор на Развојно планирање, Координатори по тимови | | / |
| Анализа на постигнатиот учил. успех, редовност и компарација со претходни уч. г. | | X | | X | | | X | | X | X | | | Педагош-психолошка служба, наставен кадар Директор | Одделенски и Наставнички совет, пополнување обрасци, стат.анализи | Обрасци, статистички прегледи и формулари | Подобрување на постигањата, дисциплината и редовноста на учениците | Директор, Педагош-психолошка служба, наставен кадар,комисија за екстерно тестирање | | / |
| Следење учен. ранливи групи | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | | | Стручна сл. наставници | Индивид. разг посета на час | Записник , евидентни листи | Подобрување на постигањата | Директор, педагош-психолошка служба | | / |
| Следење на реализ наст.час | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | | | Директор стручна сл. | Посета на час, увиди | чек л, евидент лист записник | Осовремена настава | Директор, педагош-психолошка служба | | / |
| Следење проф развој на наст. | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | | | Директор стручна сл. | Консултации увиди, работ. средби | Професионално портфолио на вработените | Унапредување на компетенциите | Директор, педагош-психолошка служба | | / |

*Тим кој зема учество во изработката на Годишниот извештај за работата на училиштето:*

- *Елена Ќулафкова Нојкова,*
- *Трајче Максимов*
- ***Весна Христовска***
- *Директор*
- ***Наставен кадар***

**Претседател на Училишен одбор:**
**Светлана Јаќимовска**

**в.д Директор**
**Валентина Стефанова**

Велес, 2019 година